# Закон за мирно решавање на работните спорови

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

Закон за мирно решавање на работните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2007, 27/2014, 102/2014 и 30/2016).

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

## ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот и постапката на мирно решавање на колективните и одделни индивидуални работни спорови, изборот, правата и обврските на помирувачот и арбитрите и другите прашања од значење за мирното решавање на работните спорови.

Постапката за мирно решавање на работните спорови се покренува и води во согласност со овој закон, ако за истиот спор не е одлучено во согласност со прописите за работните односи.

Индивидуалните работни спорови можат да се решаваат и согласно со Законот за медијација.

## ОСНОВНИ ПОИМИ

### Член 2

Колективен работен спор, во смисла на овој закон, се смета спор по повод склучување, измена, дополнување или примена на колективен договор, остварување на правата на синдикално организирање и штрајк (во натамошниот текст: колективен спор).

Страна во колективниот спор, во смисла на овој закон, се сметаат учесниците во склучувањето на колективниот договор во согласност со закон (во натамошниот текст: страна во спорот).

### Член 3

Индивидуален работен спор, во смисла на овој закон, се смета спор по повод откажување на договор за вработување и неисплата на плата (во натамошниот текст: индивидуален спор).

Страни во индивидуалниот спор, во смисла на овој закон, се сметаат работникот и работодавачот (во натамошниот текст: страна во спорот).

### Член 4

Помирување е учество на трето неутрално лице во посредување меѓу две спротивставени страни, со цел за постигнување спогодба за мирно решавање на колективен спор.

Арбитража е учество на трета независна страна во решавање на индивидуален спор, со цел за постигнување на обврзувачко решение за предметот на спорот.

Помирувач, во смисла на овој закон, се смета лице кое дава помош на страните во колективниот спор со цел да склучат спогодба за решавање на спорот.

Арбитер, во смисла на овој закон, се смета лицето кое одлучува за предметот на индивидуалниот спор.

## ОСНОВНИ НАЧЕЛА

### Начело на доброволност

### Член 5

Страните во колективен или индивидуален спор се слободни доброволно да одлучат за пристапување кон мирно решавање на спорот, ако со овој закон поинаку не е определено.

### Начело на независност, неутралност и непристрасност

### Член 6

Во постапката за мирно решавање на работниот спор учествуваат страните во спорот и помирувачот, односно арбитерот, во согласност со овој закон.

Помирувачот, односно арбитерот е должен да постапува независно неутрално и непристрасно во однос на страните или предметот на спорот.

## II. ПОСТАПКА ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

### Член 7

Мирното решавање на колективните и индивидуалните спорови по повод откажување на договор за вработување и неисплата на плата го вршат помирувачи и арбитри, под услови и на начин утврдени со овој закон.

Член 8

Стручно-административните работи во врска со мирното решавање на колективните и индивидуалните спорови по повод откажување на договор за вработување и неисплата на плата ги врши министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Министерството надлежно за работите од областа на трудот ги врши работите кои се однесуваат на:

- водење на Регистар на помирувачи и арбитри (во натамошниот текст: Регистарот),

- обука и стручно усовршување на помирувачите и арбитрите,

- изземање на помирувачите и арбитрите,

- постапка за издавање и одземање на лиценци на помирувачи и арбитри, согласно со овој закон,

- водење на постапката за мирно решавање на работните спорови,

- евиденција за постапките за мирно решавање на работните спорови и

- други работи предвидени со закон.

Издавањето и одземањето на лиценци го врши министерството надлежно за работите од областа на трудот, на предлог на трипартитна комисија формирана од Економско-социјалниот совет, со претставници од Министерството за труд и социјална политика, од репрезентативните здруженија на работодавачи и од репрезентативните синдикати.

### Член 9

Избришан 2

### Покренување на постапка

### Член 10

Постапка за мирно решавање на работен спор се покренува со поднесување предлог во писмена форма до министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Странките во спорот можат да поднесат предлог заеднички или поединечно.

Предлогот содржи особено:

1) име, презиме и адреса, односно назив и седиште на страните во спорот и

2) предметот на спорот.

Кон предлогот страните во спорот доставуваат документација во врска со предметот на спорот, како и имиња на сведоците, ако ги има.

### Член 11

Ако предлогот го поднела една од страните во спорот, министерството надлежно за работите од областа на трудот ги доставува предлогот и документацијата на другата страна во спорот и ја повикува во рок од пет работни дена дена 3 да се изјасни дали прифаќа мирно решавање на спорот.

Ако во рокот од ставот 1 на овој член министерството надлежно за работите од областа на трудот не добие одговор за прифаќање на предлогот за мирно решавање на спорот од другата страна, ќе се смета дека предлогот за поведување постапка не е прифатен.

### Определување на помирувачи, односно арбитри

### Член 12

Помирувачот, односно арбитерот спогодбено ги определуваат страните во спорот од Регистарот, во рок од пет работни дена од денот на прифаќањето на предлогот за мирно решавање на работниот спор.

Ако страните во спорот спогодбено не определат помирувач, односно арбитер го определува министерството надлежно за работите од областа на трудот од Регистарот.

### Член 13

министерството надлежно за работите од областа на трудот го доставува предлогот и документацијата во врска со предметот на спорот на помирувачот, односно арбитерот кој е определен за конкретниот спор, во рок од три работни дена од денот на неговото определување.

### Надоместок за помирувач, односно арбитер

### Член 14

Помирувачот, односно арбитерот, имаат право на надоместок во врска со мирното решавање на колективен, односно индивидуален спор.

Надоместокот од ставот 1 на овој член, се определува со Тарифник, кој го донесува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Надоместокот за помирувачот, односно арбитерот е на товар на министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Средствата од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

### Член 15

Секоја страна во спорот ги сноси своите трошоци во поглед на начинот на меѓусебното обесштетување на учесниците во мирното решавање на спорот во текот и во врска со водењето на постапката за мирно решавање на спорот.

## КОЛЕКТИВЕН СПОР

### Учество на помирувачот во процесот на колективното договарање

### Член 16

Страните во колективното договарање (во натамошниот текст: страните), можат да поднесат предлог до министерството надлежно за работите од областа на трудот за учество на помирувач во процесот на колективно договарање во смисла на членот 2 став 1 од овој закон, со цел за укажување на помош и спречување на настанување на спор.

Страните можат да поднесат предлог заеднички или поединечно.

Ако предлогот го поднел еден од страните, министерството надлежно за работите од областа на трудот го доставува предлогот и документацијата до другите учесници, со барање во рок од пет работни дена да се изјаснат дали прифаќаат учество на помирувач во процесот на колективно договарање.

Предлогот содржи: вид на колективниот договор за кој се преговара, страните, местото и времето на преговорите и име и презиме на заеднички определениот помирувач.

Помирувачот во процесот на колективното договарање:

1) учествува во сите фази на процесот на колективно договарање;

2) им укажува на страните на предлозите кои не се во согласност со закон и другите прописи;

3) им дава стручна и друга помош на страните и

4) им помага на страните да постигнат спогодба, без право да наметне решение.

Помирувачот е должен да биде неутрален и непристрасен во текот на преговорите.

### Учество на помирувачот во колективен спор

### Член 17

Страните на колективен спор, во смисла на членот 2 став 1 од овој закон, можат да поднесат предлог до министерството надлежно за работите од областа на трудот за учество на помирувач, за укажување на помош за решавање на спорот.

Помирувачот во постапката на помирување при колективен спор:

1) им помага на страните да изнајдат заедничко решение за решавање на спорот;

2) им укажува на страните на предлозите кои не се во согласност со закон и другите прописи;

3) им дава стручна и друга помош на страните на независен, неутрален и непристрасен начин и

4) им помага на страните да постигнат спогодба, без право да наметне решение во спорот, во согласност со принципите за мирно решавање на работните спорови.

### Учество на помирувачот во спорови во дејностите од општ интерес

### Член 18

Во случај на штрајк или спор во дејностите од општ интерес или во дејностите во кои прекинот на работата би можел да го загрози животот или здравјето на луѓето или да нанесе штета од поголеми размери, страните во спорот се должни веднаш да пристапат кон мирно решавање на колективниот спор.

Постапката за мирно решавање на колективниот спор од ставот 1 на овој член завршува во рок од десет дена од поднесувањето на предлогот за мирно решавање на спорот.

Дејности во смисла на ставот 1 на овој член се дејностите кои ги вршат работодавачите во областа на електростопанството, водостопанството, сообраќајот, радио-телевизијата чиј основач е Република Македонија или единиците на локалната самоуправа, поштенски услугите, комуналните дејности, производството на основни прехранбени производи, здравствената и ветеринарната заштита, образованието, заштитата на децата, социјалната заштита, полицијата и одбраната.

Во случај на штрајк во дејностите од ставот 3 на овој член за времетраење на постапката за мирно решавање на спорот од ставот 2 на овој член, штрајкот е во мирување.

### Член 19

Во дејностите од членот 18 од овој закон страните во спорот се должни да поднесат заеднички предлог за помирување наредниот ден од денот на настанувањето на спорот.

Ако страните на спорот не поднесат заеднички предлог се должни да го известат министерството надлежно за работите од областа на трудот, кое во рок од два дена од денот на настанување на спор или штрајк во дејностите од членот 18 од овој закон, по службена должност покренува постапка за помирување и определува помирувач од Регистарот.

Помирувачот е должен да ја започне постапката за мирно решавање на спорот, наредниот ден од денот на приемот на предлогот и документацијата за предметот на спорот и за тоа да ги извести страните во спорот.

**Орган надлежен за помирување**

**Член 20**

Постапката за помирување на колективниот спор се води пред Одборот за помирување (во натамошниот текст: Одборот).

Одборот го сочинуваат по еднаков број на претставници од страните во спорот.

Во постапката за помирување учествува и помирувачот, без право на одлучување.

**Постапка за помирување**

**Член 21**

Помирувачот е должен да ја закаже расправата во рок од три дена од денот на приемот на предлогот и документацијата за предметот на спорот и за тоа ги известува страните во спорот.

Страните во спорот се должни да определат свој претставник во Одборот и за тоа да го известат помирувачот најдоцна до денот на закажаната расправа.

Ако страните во спорот не определат свој претставник во рокот од ставот 2 на овој член, постапката на помирување ја води помирувачот со непосредни контакти со страните во спорот.

Претставниците на страните во спорот на расправата ги изнесуваат своите ставови и предлози.

**Член 22**

Помирувачот има право и одвоено, надвор од расправата, да прибави информации и други податоци од претставници на страните во спорот.

**Член 23**

Во постапката за помирување, помирувачот им помага на страните да дојдат до заеднички прифатлива спогодба без да наметнува решенија за спорот.

Одборот ја заклучува расправата во рок од 20 дена од денот на отворањето на расправата и донесува препорака за начинот на решавање на спорот (во натамошниот текст: препорака).

**Член 24**

Одборот ја дава препораката во писмена форма, со образложение.

За препораката е потребно да гласаат сите членови на Одборот.

Ако Одборот не донесе препорака во рок од пет дена од денот на заклучувањето на расправата, помирувачот може на странките во спорот да им предложи препорака.

**Член 25**

Препораката не ги обврзува страните во спорот.

Ако страните во спорот ја прифатат препораката, склучуваат Спогодба за решавање на спорот.

Ако предмет на спорот е колективен договор, Спогодбата претставува составен дел на колективниот договор.

Ако предмет на спорот не е колективен договор, Спогодбата има сила на судско порамнување.

**Член 26**

Страната во спорот која нема да ја прифати препораката е должна во рок од три дена од денот на доставувањето на препораката да ги наведе причините за неприфаќањето на препораката.

На предлог на помирувачот министерството надлежно за работите од областа на трудот може да ја објави препораката и причините за неприфаќање на препораката во средствата за јавно информирање.

**Член 27**

Постапката за помирување се завршува пред Одборот, ако страните во спорот склучат или не склучат Спогодба за решавање на спорот во рок од 20 дена од денот на отворањето на расправата.

**Член 28**

Избришан 4

## ИНДИВИДУАЛЕН СПОР

**Член 29**

Индивидуален спор со заедничка согласност на страните во спорот може да се решава пред арбитер, во согласност со овој закон, ако предмет на спорот е:

1) откажувањето на договор за вработување и

2) неисплата на плата.

Ако меѓу страните во индивидуалниот спор тече судска постапка од иста фактичка и правна основа, страните во спорот се должни на судот заеднички да му поднесат барање за прекин на постапката.

**Постапка пред арбитерот**

**Член 30**

Арбитерот е должен да закаже расправа во рок од три дена од денот на приемот на предлогот и документацијата за предметот на спорот и за тоа ги известува страните во спорот.

Расправата се одржува во присуство на страните во спорот и арбитерот.

Арбитерот ја отвора расправата и утврдува дали поканетите лица присуствуваат на расправа.

Ако една од страните во спорот неоправдано изостане од расправата, арбитерот може да одржи расправа во нејзино отсуство, земајќи ја предвид документацијата која таа страна ја доставила.

Секоја страна во спорот може да го повлече предлогот за покренување на постапка пред арбитерот најдоцна до денот на отворањето на расправата.

**Член 31**

Избришан 5

**Член 32**

Арбитерот ја води расправата, зема изјави од страните во спорот и од другите лица во постапката, изведува докази и се грижи во текот на постапката да се изнесат сите факти релевантни за одлучувањето.

Страните во спорот имаат право пред арбитерот да се изјаснат за предметот на спорот и да одговараат на наводите на другата страна во спорот.

Арбитерот одлучува за одлагање на расправата, по службена должност или на барање на страните во спорот.

Во случајот од ставот 3 на овој член арбитерот е должен да закаже расправа најдоцна во рок од пет дена од денот на одлагањето на расправата.

**Член 33**

Избришан 6

**Член 34**

Страните во спорот имаат право да даваат завршен збор на расправата.

Ако арбитерот смета дека предметот на спорот е расправен така да може да одлучи, ја заклучува расправата.

**Член 35**

Арбитерот донесува решение за предметот на спорот во рок од 30 дена од денот на отворањето на расправата.

Решението содржи:

1) име, презиме и адреса, односно назив и седиште на страните во спорот;

2) изрека;

3) образложение;

4) дата на донесување на решението и

5) име, презиме и потпис на арбитерот.

Против решението не е дозволена жалба.

Решението е правосилно и извршно со денот на доставувањето на страните во спорот, а ако во решението е утврдено дека дејствието кое е предмет на извршување може да се изврши во оставениот рок, решението постанува извршно со истекот на тој рок.

### Член 36

Страните во спорот се должни да го известат судот за донесувањето на решението ако постапката пред судот е прекината.

## IV. ПОМИРУВАЧИ И АРБИТРИ

## ИЗБОР НА ПОМИРУВАЧИ И АРБИТРИ

### Член 37

Помирувач, односно арбитер, може да биде лице кое има добиено лиценца од министерството надлежно за работите од областа на трудот, на предлог на Комисијата од членот 8 став 3 од овој закон.

За добивање на лиценца од ставот 1 на овој член лицето е потребно да поднесе барање за издавање на лиценца од ставот 1 на овој член и да ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) да има висока стручна подготовка и најмалку пет години работно искуство во областа на работните односи;

3) да не му е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

4) да е достојно на должноста помирувач, односно арбитер и

5) да има сертификат од министерството надлежно за работите од областа на трудот за успешно завршена обука, според Програмата за обука на помирувачи и арбитри.

Образецот на барањето од ставот 2 на овој член и потребната документација за издавање на лиценцата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот во согласност со министерот за информатичко општество и администрација

Овластеното службено лице во министерството надлежно за работите од областа на трудот кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член по службена должност да ги побара доказите и податоците кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од ставот 2 точки 1, 3 и 5 на овој член од надлежниот јавен орган.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 4 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Овластеното службеното лице од ставот 4 на овој член е должно да одлучи во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член.

Против решението издадено од министерството надлежно за работите од областа на трудот, подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос.

Лиценцата се издава на неопределено време, а истата се одзема со губење на својството на помирувач или арбитер, во случаите утврдени во членот 44 од овој закон.

Формата и содржината на лиценцата, како и начинот на нејзиното издавање со акт ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Програмата за обука на помирувачи и арбитри ја донесува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

**Член 38**

Избришан 7

**Член 39**

Избришан 8

**Член 40**

Избришан 9

**Член 41**

Избришан 10

**Член 42**

Регистарот ги содржи следниве податоци:

1) име и презиме на помирувачот, односно арбитерот;

2) адреса;

3) стручна подготовка;

4) број и датум на доделување на лиценцата;

5) број и датум на упис во Регистарот и

6) број и датум на бришење во Регистарот.

Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од членот 8 став 2 алинеја 1 од овој закон ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

**Член 43**

Помирувачот и арбитерот се должни да ја пријават промената на податоците од членот 42 точки 1 и 2 на овој закон во рок од три дена од настанувањето на промената.

**Член 44**

Својството на помирувач и арбитер престанува:

1) ако дополнително се утврди дека не се исполнети условите од членот 37 од овој закон;

2) ако престанат да постојат условите од членот 37 од овој закон;

3) ако не постапува согласно со членот 50 од овој закон;

4) ако неоправдано не учествува во постапка за мирно решавање на работни спорови за која е избран, односно определен;

5) ако неоправдано ја одолжува постапката за мирно решавање на работните спорови или постапката не ја води согласно со закон;

6) на негово барање;

7) поради губење на деловната способност и

8) поради смрт.

**Член 45**

Избришан 11

**Член 46**

Избришан 12

## ИЗЗЕМАЊЕ НА ПОМИРУВАЧ ОДНОСНО АРБИТЕР

**Член 47**

Странките во спорот можат до Министерството надлежно за работите од областа на трудот да поднесат барање за изземање на помирувач, односно арбитер, и тоа ако:

1) застапува некоја од страните во спорот или ја застапувал во последните пет години некоја од страните во спорот;

2) е во крвно сродство во права линија до кој било степен, а во странична линија до четврт степен со некоја од страните во спорот, односно ако брачниот другар или сродник по женско сродство до втор степен со некоја од страните во спорот;

3) е во работен или членски однос со некоја од страните во спорот или таквиот однос настанал последните две години и

4) е поврзан со страните во спорот на кој било друг начин кој би можел да влијае на неговата непристрасност.

Помирувачот и арбитерот по службена должност водат грижа за причините за изземање во текот на постапката и се должни за нив да го известат Министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Мнистерството надлежно за работите од областа на трудот одлучува за изземање на помирувач, односно арбитер по добивањето на известување од помирувачот, односно арбитерот и на барање на страните во спорот во рок од осум дена од дознавање на причините за изземање.

Во случај на изземање постапката за мирно решавање на работниот спор продолжува по изборот на нов помирувач, односно арбитер во согласност со овој закон.

## ДОЛЖНОСТИ И ПРАВА НА ПОМИРУВАЧОТ И АРБИТЕРОТ

### Должности на помирувачот и арбитерот

**Член 48**

Помирувачот и арбитерот се должни да постапуваат совесно и според своето најдобро знаење, со цел за решавање на спорот меѓу страните во спорот.

**Член 49**

Избришан 13

**Член 50**

Помирувачот и арбитерот, се должни да го известуваат министерството надлежно за работите од областа на трудот за покренувањето, текот и завршувањето на постапката за мирно решавање на работниот спор.

Помирувачот и арбитерот се должни по еден примерок од склучена спогодба за решавање на колективен спор, односно за донесено решение за индивидуален спор да достават до министерството надлежно за работите од областа на трудот, во рок од пет работни дена од денот на склучувањето на спогодбата, односно донесувањето на решението.

### Член 51

Избришан 14

## V. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОСТАПКИТЕ ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

### Член 52

Министерството надлежно за работите од областа на трудот води евиденција за постапките за мирно решавање на работните спорови согласно со Законот за општата управна постапка

Евиденцијата содржи особено:

1) име, презиме и адреса, односно назив и седиште на страните во спорот;

2) име и презиме на помирувачот односно арбитерот;

3) предметот на спорот;

4) дата на покренување на постапка и

5) дата и начинот на завршувањето на спорот.

## V-а. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 52-а

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во Министерството надлежно за работите од областа на трудот, ако:

- не ги прибави доказите во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 37 став 4) и

- не одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето (член 37 став 6).

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците ако не ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 37 став 5).

### Член 52-б

За прекршоци од членот 52-а од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Член 53

Владата ќе именува директор на Советот во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Советот започнува со работа од денот на именувањето на директорот на Советот.

Изборот на помирувачите и арбитрите и нивниот упис во Именикот, во согласност со овој закон ќе се изврши во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одредбите на овој закон кои се однесуваат на постапката за мирно решавање на работните спорови ќе се применуваат од 1 јануари 2008 година.

## Член 54

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.